# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА
# О.У.„ДЕНЧЕ ДЕЈАНОСКИ“
# МАВРОВИ-АНОВИ
# ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

**ВОВЕД:**

Врз основа на обврските што произлегуваат од новиот Законот за основно образование- ( Сл. весник на Република Северна Македонија бр.161 од 05.08.2019 ),директорот на основното училиште „Денче Дејаноски“ од Маврови Анови општина Маврово и Ростуша го изготвува овој годишен извештај за учебната 2023/24 година.

## Услови во кои работи училиштето

Опис на локацијата во која се изведува наставата:

ЦОУ „Денче Дејаноски“ - Маврови Анови е самостојно училиште со четири подрачни училишта и тоа во с. Маврово, с. Врбен, с. Нистрово и с .Дуф.

Исто така во состав на училиштето работи и ученичкиот дом „Седек Костоски“ кој се наоѓа во близина на училиштето.

ЦОУ наставата ја изведува во една училишна зграда, изградена 1966 година, која располага со шест училници со по 50 м²,три канцеларии, два ходника, два тоалета, една спортска сала(прилагодена училница), училиштен двор со површина 320 м²,во кој е сместено спортско игралиште.

Училишната зграда во подрачното училиште во с. Маврово располага со две училници по 60 м² еден ходник и еден тоалет.

Училишната зграда во с. Врбен е изградена и пуштена за користење во учебната 2000/01 година и располага со една училница, две канцеларии, еден ходник и еден тоалет.

Училишната зграда во с. Нистрово е изградена и пуштена во учебната 2008/09 година.

Подрачното училиште во с. Дуф располага со една училница, една помошна просторија и тоалет.

## Раководен, стручен и воспитно образовен кадар

Во реализација на воспитно – образовниот процес за учебната 2023/24 година се вработени 19 наставници.

**Раководен кадар и психолошко – педагошка служба:**

Директор:

- Еден, висока стручна спрема, работен стаж 25 години.

Педагог:

- Еден, висока стручна спрема, работен стаж 3 години

Покрај раководниот и наставниот кадар во училиштето има вработено и административен персонал кои го сочинуваат:

- Еден секретар-благајник.
- Еден економ-домаќин.
- Еден хаузмајстор.
- Седум помошен персонал.

---

Вкупно:12

Вкупно вработени: 31

Наставниот кадар во ЦОУ реализира настава на Македонски јазик како и во подрачните училишта во с. Врбен и с. Маврово, додека во с. Нистрово и с. Дуф наставата се изведува на албански јазик.

Оптовареноста на наставниот кадар со наставни часови е во рамките на законската регулатива и се движи од 20 до 23 по наставник, а ги дополнуваат повеќето со занимања и дежурства кои се одржуваат после часовите во училиштето и во ученичкиот дом, кој работи во состав на училиштето.

**Подготвеност на училиштето за работа на почетокот на учебната година**

ОУ „Денче Дејаноски“ од Маврови Анови подготвено го дочека почетокот на учебната година.

Кога станува збор за подготвеноста на училиштето за успешен и навремен почеток, направени се следниве работи:

- Навремено запишување и тестирање на учениците во прво одделение;
- Навремено објавување на огласите за слободни работни места и приемот на вработени е извршен врз основа на Законот за основно образование;

- Навремено е изработена Годишна програма на училиштето и сите годишни распределенија на наставниците;
- Наставниот кадар посетуваше семинари пред почетокот на учебната година за реализација на наставен план;
- Навремено е извршено снабдување на учебници за учениците;
- Навремено е снабдено училиштето со огревно дрво –палети.
- Извршено е чистење на сите училници и училишни простории пред почетокот на учебната година;
- Навремено беше направен распоред на часови и распоред на предмети и одделенија

**Ученици-опфат на ученици, број, структура на одделенија, поведение и редовност**

На почетокот на учебната 2023/24 година во училиштето „Денче Дејаноски“ вкупно се запишани 28 ученици.

Настава на Македонски јазик посетуваат 22 ученици и 6 на Албански јазик.

Во училиштето има вкупно пет паралелки на Македонски наставен јазик и тоа 1 комбинирана паралелка II– III- V– одд и 4 чисти паралелки ( VI – VII – VIII и IX ) ,додека бројот на паралелки во подрачните училишта во с, Маврово изнесува 1 чиста паралелка ( I одд ) , во с. Врбен 1 комбинирана паралелка (I – II – III – IV-V) одд. Бројот на паралелките на Албански наставен јазик во с. Нистрово е 3 и тоа 1 комбинирана паралелка – II – V одд и 1 чисти паралелки (VII-VIII- одд ), а додека во ПОУ Дуф има една чиста паралелка ( I одд).

**Материјално-технички услови**

Централното основно училиште и подрачните училишта се опремени со основен мебел и инвентар. Преку реализација на проектот Модернизација на образованието се доопремивме со основни наставни средства и технички помагала, како и стручна литература. Исто така во текот на учебната 2018/19 Во 2020 / 21год со помош на Општината набавени се наставно нагледни средства ( слики , карти ) со цел подобрување на наставата во ЦОУ и ПОУ.

Во 2021/22 година се постави парно греење преку проектот од УСАИД на кој училиштето аплицираше и го доби проектот. Исто така беа и набавени и нагледни средства кои ќе се користат и се потребни за реализација на наставната програма за прво и четврто одделение.

## Хигиенско-естетско уредување и обликување на внатрешниот и надворешниот простор на училиштето

Пред почетокот на учебната година извршено е генерално чистење, поправки на инвентарот, како во централното така и во подрачните училишта.

Основните хигиенски потреби секојдневно се извршуваат со што хигиената преку целата учебна година задоволува.

## Застапени и несоодветно застапени наставни предмети со наставен кадар

Во ЦОУ по предметите: Техничко образование, Математика, Физика, Француски јазик, хемија предаваат несоодветни наставници.

Во ПОУ Нистрово несоодветно е застапен предметот Македонски јазик, физика Хемија, француски, математика ( наставата во ПОУ с. Нистрово се одвива во комбинирана паралелка)

Во подрачните училишта во с. Маврово и село Врбен има соодветен наставен кадар со високо образование, додека во подрачното училиште во с. Дуф работи наставник со неоформено образование.

## Наставници што дополнуваат од други или во други училишта

Во ЦОУ Педагогот дополнува два дена и доаѓа од ОУ „Јосип Броз Тито“-с. Жировница, исто така наставникот по Музичко образование дополнува во нашето училиште а доаѓа од ОУ „Јосип Броз Тито“-с. Жировница, наставникот по ликовно еден ден од ОСУ с. Ростуше и наставник по италијански и француски 3 дена од ООУ с. Ростуше.

# ПЛАНИРАЊЕ,РЕАЛИЗИРАЊЕ,УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

1. **<u>Годишна програма за работа на училиштето</u>**;

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година изготвена е основа на обврските што се содржани во Законот за основно образование(Сл. весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019година).Програмата е предходно

разгледана од стручните органи и органите за управување при училиштето и е донесена од училишниот одбор на ден 14.08.2023 година.

Во интеракција со Годишната програма на училиштето исто така беа изработени следниве документи:

- Самоевалуација на училиштето
- Опремување на училиштето со современи наставни средства;
- Зголемена соработка со родителите;
- Подготвување на Кодекс на однесување;
- Обука на наставниците за користење на современи наставни методи;
- Развојна програма

2. **<u>Планирање и реализација на наставата</u>**;

Редовна настава како и наставата по изборните и факултативните предмети и другите видови настава, според планираниот фонд на часови и предвидените неработни денови, се реализира со вкупно 159работни наставни денови.

3. **<u>Планирање и реализирање на наставната дејност;</u>**

Овие активности се планираат и се изведуваат според наставниот план и програма за вон-наставните активности. Во рамките на ова подрачје училиштето ги реализира следниве вон-наставни активности.

- Слободни ученички активности. Работата на слободните ученички активности се одвива преку формираните ученички секции: литературна, математичка и ликовна секција, кои се организираат за учениците од прво до деветто одделение.
- Ученички натпревари, учениците од шесто до деветто одделение учествуваат на ученички натпревари како на општинско така и на регионални и државни натпревари.
- Ученички заедници, заедницата на учениците е значаен сегмент во организацијата на животот и работата на училиштето. Преку нив учениците сами или заедно со наставниците и родителите се договараат и заземаат ставови за сите позначајни прашања.

4. **Производствена и друга општествено корисна работа;**

Целта на вклучувањето на учениците во производствено и друга општествено корисна работа е да се развие љубов и позитивен однос кон работата, да се негува почит кон работниот човек, средствата за производство како и резултатите од трудот и да придонесе за правилно сфаќање на улогата на физичкиот и интелектуалниот труд во животот на човекот.

5. **Ученички екскурзии;**

Преку нив учениците имаат можност да ги прошират своите знаења, да добијат сознанија за одделни подрачја од животот и работата на луѓето, да се запознаат со природните убавини и културно историските знаменитости на поширокатa и поблискатa заедница, како и рекреација.

Програмата за реализација на ученичките екскурзии е изготвена според новите измени и дополнувања на Законот за основно образование.

6. **Грижа за здравјето на учениците**;

Целта на програмата за здравствено воспитување и оспособување на учениците и вработените во училиштето и локалната заедница за преземање на акции за поздрав живот, училиште средина. Покрај предвидените програмски содржини предвидени со Годишната програма во кое влегуваат и редовните лекарски прегледи, вакцинации, ревакцинации *оваа учебна година се спроведуваа по препораките на СЗО.*

7. **Соработка со локалната средина;**

Целта на соработката на училиштето со локалната средина е да се анимира и стави во педагошка функција се што може да понуди локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето.

**8.Следење, вреднување и унапредување на образовната и воспитната работата**

- Увид во годишните распределенија и планови;
- Увид во подготовките на наставниците;
- Следење на задолжителната настава и вон-наставните активности;

- Учество на наставниците во активности кои се планирани со Годишната програма за работа на училиштето.
- Следење и унапредување преку стручни активи;

Стручно усовршување на воспитно - образовниот кадар преку предавања од страна на педагогот на училиштето, семинари, симпозиуми и др.

## УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

Одделенска настава: описно оценети од I до III одд ;

**Настава на македонски наставен јазик:**

| Одделение | Среден успех |
|---|---|
| IV-V | 4,69 % |
| VI –IX | *3,62* % |

- Среден успех на учениците од IV – IX одделение за учебната 2023-24 година изнесува **3,98%.**

- Настава на албански наставен јазик

| Одделение | Среден успех |
|---|---|
| IV-V | 5,0% |
| VI-IX | 3,84 |

- Средниот успех на учениците со албански наставен јазик од IV – IX одделение за учебната 2023-24 година изнесува 4,23%

- **Средниот успех на ниво на цело училиште од четврто до деветто одделение изнесува 4,1 %.**

## ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

Од увидите кои перманентно беа правени  на педагошката евиденција и документација: Електронски дневник, дневни подготовки, годишни програми и сл. беше констатирано следново:

Годишните програми и Е- дневник беа навремено доставени и водени од страна на наставниците без поголеми пропусти.

20.06.2024 година

Директор:

Маврови Анови

Слаѓана Симуноска

**ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**

**„ДЕНЧЕ ДЕЈАНОСКИ“**
**МЕСТО-МАВРОВИ АНОВИ**

**------------- тел.: 042-489-003**